

1 ТЕМА

Неговото величество

Дане сладоледџијата

# ДЕМОКРАТИЈА или ДЕМОКРАТИИ?



ШКОЛА ЗА ДЕМОКРАТИЈА

**Неговото величество:**

# Диме сладоледџијата



Батка, ова е шоу.

Демократијата е навистина кул работа. И паметни и будали можат што сакаат да пишуваат и да кажат и за тоа да не одговараат. Тоа се викало „рамноправност“ и „слобода на мислење и дејствување“. Е, кога сме кај будалите, и мене ми рекоа да напишам како ја сфаќам демократијата, па затоа читајте и



***кој ќе преживее - ќе памети.***

Јас не сум демократ од мода, туку за да можам да ја контролирам власта, како што таа може мене да ми го оданочи сладоледот.

Власта во Македонија секогаш треба да ги има предвид интересите и потребите на граѓаните на Македонија, па дури и за сладоледџии како мене. Вака напишано си стои многу убаво на хартија. Во практика, пријателе, ниту една демократска држава досега не станала совршена. Секаде се случува некои одлуки на власта да не им одговараат на сите и некој секогаш да има различни мислења и потреби. Идеали и совршенства нема ни во демократијата. А филмовите си се филмови.

Еве, на пример, со мене. Јас демократијата ја учам на потешкиот начин и ми велат дека поставувам глупави прашања, а јас не се нервирам поради тоа.

Порано не ми беше јасно, па прашав: „Дали претставник на власта смее да купува пиво и сендвичи за својата роденденска забава од државни пари?„ Мислам... секој ќе си рече: *Па власт е, зошто да не може да земе малку државни пари*? Но, ми велат: „Не може“ – имало **ЗАКОН** за злоупотреба на службена должност. Ту, ту... направиле цел закон за сендвичи и пиво.

Ако немаат пари да си купат пиво, нека кажат. Кај сме му дале власт, ќе му дадеме и некое пивце без да дава шишиња во замена. А после ќе му платиме и кауција. Знаеме дека е тешко да си **ВЛАСТ**. Јас лично би му дал и сладолед со пивото.



Потоа се јавив во Кабинетот на претседателот на државата да го прашам дали пие пиво и дали ги сака сендвичите со или без мајонез, но ми рекоа дека претседателот бил зафатен со државни работи.

Прашав: „*Да не пречам што се јавувам*?“ Ми одговорија дека јас како припадник на оваа држава имам право да контактирам со сите тие „големци“, да прашувам, да барам или да нудам, затоа што сум имал **МОЌ КАКО ГРАЃАНИН**. Па, кога ми кажа уште дека јас сум му дал моќ на **МОЈОТ ПРАТЕНИК** да седи во Парламентот и дека можам и преку него да си бркам некои работи, јас шекнав. „*Ама госпоѓо*“ – реков, „*не знам дали имам право, затоа што не сум Македонец по националност.*“ А таа, „госпожата“, дури изненадена, ми вели: „Тоа не е важно, граѓанинот има такви права без оглед на националност, вера, пол, старост... Доволно е да биде **ДРЖАВЈАНИН** на Република Македонија“.



Мене вербата не ми е силна страна: „*А кој вели така? Да не биде сега вака, утре онака*?“. „Не, господине, тоа не е можно, затоа што постои **УСТАВ** во кој се запишани правата на секој граѓанин.“ „*А тоа дека сум сладоледџија, потстанар, сиромав, не сум член на партија, ниту сум многу убав, ниту многу паметен и што хоби ми е риболовот?*“ „Господине, ве молам да се смирите. Вашите права се заштитени на 1 000 начини, какви и да сте. Вие имате **ЧОВЕКОВИ ПРАВА** и **ГРАЃАНСКИ ПРАВА**. За природата на човековите права има неколку толкувања. Едно е дека тие права произлегуваат од природните права. Друго толкување е дека тоа се права што се социјално конструирани. Горенаведените права му припаѓаат на секој човек со самото раѓање и тие се запишани во Уставот, во законите, а полицијата и другите **ИНСТИТУЦИИ** на државата се задолжени да го штитат она што го пишува во Уставот и во законите. А дали Вие господине имате дозвола за риболов?“ – „*Не, немам*“. „Е, во тој случај може да ви се случи да ве казнат поради **НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ.** Знаете, господине, тоа се нарекува **КУЛТУРА НА ЗАКОНИЕ** и не можете да барате други да го почитуваат законот, ако Вие не го почитувате.„

Така, сега знам дека мора да си извадам дозвола за риболов, но ме мачи друго: дали претседателот сака сендвичите да бидат со мајонез и дали постои демократски мајонез?

ШКОЛА ЗА ДЕМОКРАТИЈА

# ДЕМОКРАТИЈА??? 1

Дали зборот „демократија" потекнува од зборовите „демоснимка" и „Кратово"???

## Па... не баш.

Зборот „демократија" доаѓа од старогрчките зборови „демос", што значи „народ" и „кратија", што значи „владеење". Ако ги спoиме, добиваме: владеење на народот. Демократијата е начин како да се работи во политиката и значи многу повеќе, но најмногу дека граѓаните се најбитната работа во сето тоа. Тие се најважниот и основен дел на демократијата.

Дали сите луѓе исто ја разбираат демократијата???




## Никако!

Едни велат дека демократијата е најмало ограничување на правата на поединецот, дека демократијата е поделба на моќта на одлучување, други дека демократијата се состои во демократските институции, трети, пак, велат дека граѓаните се помалку битни и дека побитни биле тие што плаќаат високи даноци, некои велат дека демократијата се состоела од тоа што поголем број луѓе да учествува во одлучувањето... Има и такви што мислат дека демократијата им припаѓа само на политичките елити („големците"), на учените и на богатите. Ние со тоа не се согласуваме, но не е забранeто тие „некои" да си мислат така. Ние ќе им речеме само: да ви ги врати учителката парите што ве учела. Ете и тоа е демократија:

**да може слободно да се мисли и да се искаже своето мислење и никој ништо да не ти може за тоа (само немој лично да ги повредуваш луѓето). Тоа го нарекувале „критика" и поради тоа е демократијата добар ученик. Значи, демократијата била отворена за предлози, дискусии.**



Сѐ си има свои спротивности (бело - црно, горе - долу...), па што е спротивно на демократијата???

Спротивен на демократијата е **ТОТАЛИТАРИЗМОТ** што значи владеење на еден човек или една група луѓе, кои на власт дошле на недемократски начин, или и ако дошле на демократски начин сакаат да останат на власт со недемократски средства. Исто така, тоталитаризам може да се јави ако некој што дошол на власт владее недемократски. Тоа, народски речено, значи: сака да владее по свое, без да ги почитува законите, уставот и желбите на граѓаните.

**Демократски да дојдеш на власт значи законито да дојдеш на власт; демократски да владееш значи да ги почитуваш законите, да не ги изигруваш и кога ГЛАСАЧИТЕ ќе решат дека „ти е доста владеење", да си одиш во ОПОЗИЦИЈА.**

Како тоа „народот одлучува"?



Народот не е во „едно парче", па ќе го седнеме на маса и ќе му речеме: „Одлучи". Целата „финта" се состои во статусот на граѓанинот, кој има моќ да одреди на кого ќе му го довери одлучувањето (ние велиме „за кого ќе гласа"), кој има моќ и самиот да се кандидира, па да „собира гласови" или да се вклучи во некоја партија и да помогне неговиот избраник да дојде на власт. Поради тоа тоталитаризмот се коси со најважното: волјата на граѓанинот да му го даде својот глас на кого тој ќе посака.



ШКОЛА ЗА ДЕМОКРАТИЈА

# МОЌ???

1

Дали моќта во демократијата значи да имаш автомобил посилен од 150 коњски сили???

Моќта претставува можност да се влијае врз донесувањето одлуки. Во демократијата моќта произлегува од граѓаните. Граѓаните ја избираат власта, а власта со тоа добива можност да одлучува и да управува во име на тие луѓе. Со тоа што ја предаваат власта, луѓето во демократијата не се откажуваат од својата политичка моќ, туку ја предаваат на свои претставници. Тие претставници работат како народни повереници (пратеници).

Само граѓаните можат да ѝ дозволат на власта да владее, т.е. да донесува и да спроведува закони. Таа ги спроведува законите преку своите **ИНСТИТУЦИИ**.

На пример, судовите имаат овластувања да ги судат криминалците за нивните злосторства. И Диме може да биде казнет од судот затоа што лови без риболовна дозвола.

**Значи: за некој да владее, треба да добие ЛЕГИТИМИТЕТ од гласачите.**



Дали ЛЕГИТИМИТЕТ е некоја нова пцост или само се обидувате да нè збуните?

## Не! Но знае да биде безобразно.

Легитимитет значи дека некој законски дошол на власт и дека тоа може да се провери. Легитимитетот значи законска моќ да се одлучува. Легитимитетот го даваат – гласачите на пратениците и на претседателот на државата, пратениците на владата, владата на министерствата и на институциите и така натаму.



Тоа само тебе така ти се чини. Инаку, зошто Парламентот и Владата постојано мора да се правдаат по телевизии, да објаснуваат зошто го прават ова, зошто го прават она, зошто го поставиле овој, зошто го поставиле оној... Прво, политичките партии добро треба да се испотат за да им објаснат на гласачите зошто да гласаме за нив, потоа ЈАВНО мора да објаснат зошто се избрани баш тие министри, директори... потоа мора да **ОБЈАВАТ** што ќе работат, како ќе работат, да кажуваат во **ЈАВНОСТА** што работеле денес, кој им дошол во посета, за што разговарале, што одлучиле, колку пари се потребни за тоа што го одлучиле... Сега, дали ти се чини дека граѓанинот ја изгубил моќта со тоа што овластил некого да носи одлуки? Мене ми се чини дека не е така.

?

Дали тоа значи дека граѓаните, кога ќе ја предадат власта на своите избраници, повеќе за ништо не служат?

Има две начела што се важни за легитимитетот на власта:

- прво, граѓаните никогаш не се откажуваат од своето право да владеат;
- второ, граѓаните постојано и редовно со гласање на избори ја пренесуваат сопствената политичка моќ на власта, која, пак, е одговорна пред нив. Тоа ти е нешто како „редовна проверка" на секои 4 години, ако на граѓаните не им текне и порано да ги сменат (дали ти е сега јасно зошто избраниците се потат пред граѓаните???).



?

Дали е сè толку идеално и дали сега нема да нè разочараш?



Ако не те разочарам, што ќе мислиш за мене? Мислиш дека сум јас Дедо Мраз?

Не е сè толку идеално, но за тоа ќе муабетиме малку понатаму во тетраткиве. Основно е дека демократијата постои како **ИДЕЈА**, но и како практика. Како идеја е супер, но како **ПРАКТИЧНА ДЕМОКРАТИЈА** не е сè толку идеално. Само да знаеш: практичната демократија ја нарекувале **АКТУЕЛНА** демократија (во една таква и ние живееме).

**Дали доволно те разочарав?**

## Директна наспроти претставничка демократија



?

Дали е „директната демократија" многу калорична и дали е „претставничката демократија" дел од македонската кујна???

Директната демократија не е јадење и не е важно дали е калорична. Повеќе во светот нема директна демократија, затоа што тоа значи дека сите полнолетни граѓани треба да излезат во исто време, на исто место (на пример, на плоштад) и сите да гласаат за нешто. Каде ќе најдеме толку голем плоштад за сите тие луѓе? Невозможно е секој граѓанин директно да учествува во донесувањето на одлуките.

Затоа постои: „Претставничка демократија". Така, граѓаните избираат **ПРЕТСТАВНИЦИ** што ќе владеат (**ОДЛУЧУВААТ**) наместо нив. Тоа значи дека тие сопствената моќ да носат одлуки им ја пренесуваат на претставници. Главната работа на народните претставници е да владеат со државата во име на сите граѓани. Кога претставниците донесуваат одлуки, тие ја изразуваат волјата на граѓаните.

Тие претставници кај нас се нарекуваат **ПРАТЕНИЦИ** и секогаш се избираат на регуларни, фер и демократски избори. За своите постапки тие се одговорни пред граѓаните, кои ги избираат и кои можат да им го одземат **МАНДАТОТ** или легитимитетот да владеат – се разбира, на законски начин. Ако сакате, „мандат" значи моќ да се одлучува во име на народот на одредено време.

**Значи: претставничката демократија во Македонија не е дел од македонската кујна, туку основа на политичкиот живот.**

# Мнозинска и консоцијална демократија

?

Ова „мнозинска" го разбрав, но за она „консоцијална", и јас тебе „консоцијална".




**Мнозинска демократија** значи дека мора да се постигне **ПРОСТО МНОЗИНСТВО**, од бројот на сите лица со мандат да одлучуваат. На пример, во нашиот Парламент, за да се донесе одлука, мора да гласаат половина од присутните пратеници + 1 пратеник (ако има присутни 80 пратеници во Парламентот, 41 пратеник треба да гласа „ЗА" за еден закон да биде изгласан).

## Консоцијална демократија

Консоцијалната демократија е исто така вид демократија и значи дека за да се изгласа еден закон (или што било друго) потребно е двајца од тројца пратеници да гласаат „ЗА". Тоа се нарекува двотретинско мнозинство. Но, во светот има случаи каде што е потребно тројца од четворица пратеници да гласаат позитивно. Тоа е тричетвртинско мнозинство.

За некои гласања (да не речеме одлуки) во Парламентот, потребно е просто мнозинство, за некои двотретинско. На пример, за да се промени УСТАВОТ на Република Македонија, потребно е такво двотретинско мнозинство или од 120 пратеници за „ЗА" треба да бидат најмалку 80 пратеници.

Во некои случаи, не само што е потребно да се има просто мнозинство (половина од пратениците + 1) туку и просто мнозинство од малцинските етнички групи (пратеници што добиле гласови од Албанци, Срби, Власи, Роми...).

Но, овие не се сите видови демократија. Во светот постојат и поинакви.



ШКОЛА ЗА ДЕМОКРАТИЈА

# ЈАВНО И ПРИВАТНО (А ПОЛИТИЧКО?) 1

?

Во оние зградите во кои се сликаат пратениците гледам многу уметнички слики. Мојата сопруга сака гоблени. Дали треба и ние гоблените да ги замениме со слики?



Тоа е твој ПРИВАТЕН живот. Станот е твој, твои се гоблените. Владата не може да влезе во твојот стан ако ти не ја поканиш. Никој од власта не смее да се меша во твојот приватен живот затоа што на власта ѝ е наредено со Уставот: во **ПРИВАТНАТА СФЕРА** – никс, затоа што таму граѓаните си ги оствaруваат сопствените интереси. Значи, власта не смее да се меша во тоа дали ќе имаш семејство, колку деца, каква куќа, кола... Во ништо приватно. Демократијата и законите признаваат **ПРАВО НА САМООПРЕДЕЛУВАЊЕ** на секој граѓанин. Секако дека тоа не значи да можеш да појдеш кај некого и да му речеш: „Јас се самоопределив да ми ја дадеш колата“. Ако ти имаш право да се самоопределиш, тогаш и секој друг го има тоа право. Така, може да ти се случи да ти речат: „И јас се самоопределив да ти ја дадам колата за 5.000 евра“.

?

Дали тоа значи дека можам да си поставам приватна трафика среде плоштад и таму да си продавам сладолед и власта да не смее да ми се меша во тоа, оти моја си е трафиката, мој си е сладоледот, мој си е гласот со кој викам: „сладолед, ајс крим, ванила, банана“.

## Не, Диме, не значи. Ти ептен си ја утнал работата.



Прво: плоштадот е **ЈАВЕН**, а не приватен и ѝ припаѓа на **ЈАВНАТА СФЕРА**, односно на сите граѓани, а не само тебе. Тоа ти е исто како да се појавиш на телевизија. Замисли сите да сакаат да направат по една трафика на плоштад! Тоа ти е исто како да велиш дека приватно ќе се појавиш на телевизија.

Но, да поразјасниме малку.

**Граѓанскиот живот е јавниот живот на граѓаните, кој се однесува на општите работи и заедничките интереси на заедницата и нацијата.** ▶ ▶ ▶

Политиката припаѓа на сферата на граѓанскиот живот, а власта – на политичкиот живот. Разликувањето на овие три поими е важно за познавањето на начините на кои се **ПРАКТИКУВА** демократијата. Без постоење на граѓански живот, политика и власт, нема организирано општество.

Политиката е присутна во сите човечки општества. Политиката им овозможува на луѓето организирани во групи да ги остварат целите коишто не можат да ги остварат како поединци. Политиката е избрана како начин за донесување одлуки од страна на луѓето или групите луѓе со цел да го спречат разрешувањето на проблемите со насилство. Насилство не би смеело да има, освен **ЛЕГИТИМНА УПОТРЕБА НА СИЛА**, а тоа смее да се случи само од страна на полицијата и војската и тоа само кога мора. Дали мора да се употреби сила - решава власта.

Власта се институциите, кои имаат надлежност да одржуваат ред и мир во државата, да ја чуваат територијата на државата и нејзините природни богатства. Но, сето тоа мора да го прават во согласност со законот, односно: ако нема закон што е потребен, треба да се напише, да се изгласа, потоа тој треба да се спроведе, да се напишат правила, да се обезбеди тие да се почитуваат.

?

Но, зошто постојат политиката и власта, дали можеме без нив?




## Нема шанса!



Ако немаш политика, како ќе избереш власт? А ако немаш власт, како ќе обезбедиш ред и мир и напредок во државата?

Политиката и власта треба да им обезбедат на граѓаните:

- безбедност и јавен ред и мир;
- подобрување на економскиот развој;
- заштита на поединечните права на луѓето;
- општо добро;
- социјална еднаквост.

## Секоја држава има устав.

?

Секоја држава има и по некој Диме. Па, зошто да нема димекратија?

**Смири се Диме, смири се и слушај.**

Секој устав е објаснување за тоа каква е и од што е составена државата. Тоа е основен и највисок правен акт (документ) во државата. Ова значи дека сите закони мора да бидат во согласност со уставот.

Секој устав мора да биде поврзан со народот што го донел. Ова е основното демократско правило. Оттука, ниеден устав што се однесува на определена група луѓе не може да биде напишан од луѓе од странство.



?

Дали секоја држава што има устав е демократска?

**Не, за жал!**

Демократските држави не само што имаат устави туку тие исто така вклучуваат и дополнителни правила, кои ја ограничуваат моќта на власта. Во држави каде што власта не е ограничена, уставот секогаш служи како маска за прикривање на нејзините злоупотреби. Во суштина, да се **ОГРАНИЧИ ВЛАСТА** значи однапред да се заштити политичката, економската и личната слобода на граѓаните со документи и документчиња, со правила и прописи.

Политичката слобода се однесува на човековото право да контролира и да влијае врз владеењето. Тоа ја вклучува и слободата на говор (пример: отворено зборување и коментирање на јавните работи).

Ете затоа, Диме, никој не може да ти каже дека си досаден што прашуваш за работи на власта или да те заплашува.

Сега се чувствувам заштитен како мечка на Пелистер. Но, што беше она со економски права? Да не ми следува економски факултет без полагање?

Економската слобода се однесува на приватниот бизнис, кој не е под директна контрола на власта. Власта само го регулира преку соодветни закони и правила. Економската слобода вклучува: набавување, користење, пренасочување и отфрлање на приватната сопственост. Слободата во економското дејствување создава независни центри на моќ, кои меѓусебе се натпреваруваат, соработуваат и ја ограничуваат моќта на власта.

Па, ова го знаев. Нормално дека секој може да си купи машина за сладолед, да си ја користи за правење сладолед, да може моето дете да ја наследи, или да му ја подарам, или (ако сакам) да ја исфрлам или да ја дадам на некој друг. Тоа го знаев... а економски факултет? Не ми следува?






Ајде сега не тупете. Пред малку сфатив што се граѓански права.

**Браво Диме, да те нема, треба да те измислат. Но, тоа не е исто.**

Човековите права се оние права што ги поседуваат сите човечки суштества поради самата почит кон човековиот живот. Човекот ги има тие права секогаш и треба да ги има секаде.

Поради тоа, овие права се подразбираат и власта мора да ги почитува.

Но, треба да се прави разлика. Постојат права што се нарекуваат **ПОЗИТИВНИ ПРАВА**.

Па зар не е исто?

**Не е!** Човековите права се препознаваат како ПРИРОДНИ ПРАВА, а позитивните права се донесени со законите во една држава (како право на минимална плата, право на пензија...).




Демократијата вели дека сите луѓе, без оглед на разликите меѓу нив, ги уживаат истите природни права. Ако човековите права се природни за луѓето, тогаш тие се неразделен дел од луѓето. Овие права не се дадени како привилегија во некој устав, или од некоја власт, туку постојат со самото создавање на општеството. Затоа тие се неотуѓиви. Како резултат на ова, човечките суштества не можат да се откажат од овие права и тие не можат да им бидат одземени со никаков закон.

## Категории човекови права:

Аман од права. Ги има уште?

**Основни индивидуални, граѓански и политички права**

Тука спаѓаат човековите права како што се: правото на живот и сопственост; правото на религиска слобода; правото на говор; правото на здружување; правото на учествување во политика и правото на фер однос од страна на власта и други.

**Основни економски и социјални права**

Тука спаѓаат правата за социјална еднаквост и за образование, како и правото за основен животен стандард, кое овозможува право на работа, на здравствена заштита, на осигурување и благосостојба и други.



**Културни и солидарни права**

Овие права се неопходни за почитување на вредностите и традициите на групи луѓе насекаде низ светот. Тие ги вклучуваат правата на заедничко самоопределување, како и правото на јазик, религија и култура.

ШКОЛА ЗА ДЕМОКРАТИЈА

# КАКО СЕ ПРЕПОЗНАВА ДЕМОКРАТИЈАТА? 1

ШКОЛА ЗА ДЕМОКРАТИЈА

?

Дали тоа значи како ќе определиме до кој степен е демократска една држава?



**Бинго! Но наградата ќе си ја земеш на 32 –ри Март.**

Во која било држава овие белези можат да бидат видливи повеќе или помалку, додека некои од нив се поприсутни од други. Затоа што ни покажуваат нешто за една држава, тие се нарекуваат **ПОКАЗАТЕЛИ**, а некои ги нарекуваат и „темелни вредности". Не Диме, немој ни да прашуваш, тоа не значи дека се ставаат во темел кога ѕидаш куќа, туку значи дека се многу, многу битни.

## Да ги кажеме:

**а.** а. Учество на граѓаните во општествениот живот. Ова е еден од најважните показатели на демократијата. Покрај тоа што имаат право да учествуваат во владеењето, тоа треба да претставува и должност. Така на пример, граѓанското учество претставува: гласање, пишување писма до Владата на Република Македонија, плаќање даноци, учествување на митинзи и средби во заедницата, како и протестирање (ако ти е ќеф);

? А да го отфрлиме она „плаќање даноци"?



**Може?**

**б.** **Еднаквост:** Власта треба да ги третира сите поединци подеднакво без оглед на полот, етничката припадност, расата и религијата. Сите луѓе треба да бидат еднакви пред законот и законите да обезбедуваат исти можности за сите.



*Ете затоа Диме не е битно што не си Македонец, или што си сладоледџија.*

**в.** **Толерантност:** Или поинаку - иако владее мнозинството (повеќе гласови), треба да се имаат на ум и правата на малцинствата. Ако рековме дека секој граѓанин е еднаков (а рековме), ако рековме дека секој граѓанин има право да владее (а рековме), тогаш и

граѓанинот од малцинството има право да владее. Но, граѓанинот од **МАЛЦИНСКАТА ГРУПА** може да има посебни интереси, чувства, јазик, историја... Иако малцинството мора да живее според истите закони како и мнозинството, сепак малцинството си има и свои права, кои треба да бидат заштитени со закон;

? Дали може да си направам малцинство „сладоледџии“?

**Не, но можеш да формираш здружение на сладоледџии.**

г. Почит кон основните човекови права: ги кажавме малку погоре.

д. Регуларни и фер избори и прифаќање на резултатите од изборите: Изборите во **ПРЕТСТАВНИЧКИТЕ** демократии се главен начин на кој граѓаните ги избираат своите претставници што ќе владеат. За да биде вистински прикажана волјата на народот, изборите треба да бидат слободни и регуларни. Тоа мора да го прифатат сите, па дури и партијата што се надевала на повеќе, а добила помалку гласови.

? А дали има утешни награди за тие партии?

**Има! Се нарекува „опозиција“.**

ѓ. Повеќепартиски систем: Во секоја демократија мора да има повеќе од една политичка партија којашто се бори за власт. Ова значи дека секоја власт ќе има опозиција што ќе нуди различни решенија за проблемите што постојат и ќе врши контрола на власта. Исто така, повеќепартискиот систем на гласачите им дава поголеми можности за избор на политички претставници; сега во Македонија има 77 регистрирани политички партии.

е. Цивилна контрола на војската и на полицијата: Војската и полицијата треба да бидат контролирани од цивилната власт. Исто така, врховниот командант на војската треба да биде цивилно лице затоа што воените команданти не се избрани од граѓаните, па оттука мора да бидат под контрола на оние што се избрани од граѓаните; врховен командант на АРМ е претседателот на РМ кого го бираат граѓаните.

ж. Образование на јавноста: заедничко образование, вклучувајќи ги училиштата и слични институции, кои ги подготвуваат граѓаните да ги познаваат и да ги користат своите права и одговорности.

*И овие тетратки се дел од ова реченово.*

з. Пазарно ориентирани права/слободи: Обезбедување економска сопственост, која нема да биде во државни раце, пазарна економија. Сето ова е многу потребно за политичките и личните слободи, како и за правна заштита на сопственичките права на поединците.

? Мислиш: ако е човек гладен, тешко дека ќе му е до демократија?

**Апсолутно!**

ѕ. Владеење на правото: Во демократијата никој не е над законот, па ниту претседателот на државата, ниту премиерот. Тоа значи дека секој мора да го почитува законот и дека секој ќе одговара доколку го прекрши.

Јас да бев претседател, ќе си донесев закон што сакам да можам да правам.

**Е, поради такви како тебе постои демократијата, за тоа да не можеш да го правиш. Демократијата јакнела во борба со кралеви, цареви, деспоти, крвници, националисти, фашисти... Но, и за такви како нас што овде попуваме, а велиме дека демократијата треба да не прифаќа ДОГМИ.**

Добро, јас знам што е догма. Тоа ти е кога некој вели: „Вака е и никако поинаку". Кога замислува некој дека е Бог, без да можеш да провериш дали е навистина така. Ми фалеше назив за еден нов сладолед, па сега ќе го крстам „догма". Добро звучи... мислам за сладолед.



